# ЗА КАВАДАРЦИ ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомenete на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Четири години, заедно со Вас, го развиваме Кавадарци, кое за сите нас е на прво место. Живееме во убав и модерен град, во град кој е безбеден за нас и нашите деца. Заеднички ја реализираме визијата за Кавадарци.

На Кавадарци му треба континуитет. Мораме и ќе продолжиме кон прогрес, инвестиции и проекти со истото темпо. Наша заложба и цел е уште помодерно Кавадарци, реализирано со модерни и современи, училишта и градинки, со изградба на патна и урбана инфраструктура со акцент на животната средина и со голема посветеност кон потребите и очекувањата на младите.

Пред Вас е предизборната програма која се надоврзува на сите досегашни реализирани проекти и која се базира на се она што досега сме го сработиле и за се што во иднина можеме да направиме за Кавадарци.

Заедно продолжуваме, со реализација на оваа квалитетна програма, преку која ќе го поставиме Кавадарци на мапата на урбани, модерни и европски центри.

Митко Јанчев,

За убаво Кавадарци.

Кавадарци за сите луѓе.

# 2. ВИЗИЈА

Продолжување на динамичната тенденција на развој на Општина Кавадарци, како атрактивно место за живеење, стекнување на образование, развој на претприемништво, како модел за добро и ефикасно управување, засснован врз традиционалните општествени вредности но и на иновативност.

## ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ

- **Почитување на правото и законите;**
- **Добро управување;**
- **Партиципативност и демократичност во донесување на одлуките;**
- **Транспарентност и отчетност;**
- **Толерантност и недискриминација;**
- **Финансиска стабилност и дисциплина;**
- **Ефективност на инвестициите.**

# 3. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

- Бесплатен оброк за секој ученик до 5-то одделение;
- Гасификација - изградба на примарна гасоводна мрежа во Кавадарци во должина од 16 километри;
- Покриен базен со спа простор – Ла Луна;
- Изградба на нова 3Д кино сала;
- Изградба на заобиколница Маренски уши – Дрекслер Мајер - Југокомерц –Катуниште;
- Изградба на нова филтерска постројка на водоснабдителниот систем;
- Доградба на   спортската сала Јасмин;
- Изградба на адреналински парк;
- Отворање на нов граничен премин Мајден-Пуљевац со Р. Грција;
- Дестилана во функција на надминување на проблемите со откуп на винско грозје;
- Изградба на фотоволтаици за производство на струја на Кожуф планина;
- Дом за стари лица;
- Центар за лица со посебни потреби;
- Поддршка за семејни винарии и вински туризам;
- Изградба на стационар за згрижување на бездомни кучиња;
- Изградба на трговски центар.



# 4. КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

## ВЕЛОСИПЕДСКО- ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ДРЕКСЛЕР МАЈЕР

За безбедно движење на пешаци и велосипедисти со што ќе се намали фреквенцијата на возилата. Патеката е со должина од 2 километри.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 5.000.000 денари

**Локација:** Западен Булевар до Дрекслер Мајер

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПРОБИВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ЖЕЛКОВ ДОЛ

Кавадарци ќе добие уште еден булеварски пристап во должина од 600 метри, со што значително ќе се олесни сообраќајот, посебно за учесниците во сообраќајот кој се движат во правец од с. Возарци до с.Ваташа Со реализација на овој проект ќе се добие уште една сообраќајна клучна артерија до УЗ Слога и УЗ Задругар.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 45.000.000 денари

**Локација:** Западен Булевар -Желков дол

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## 1.3 МИНИ ЗООЛОШКА ГРАДИНА

Зоолошка градина со локација на ул. „Дисанска“ наспроти градскиот парк „Љупчо Шкартов“. Во склоп на зоолошката градина ќе функционираат стрелачки клуб, апартмани за сместување на гости, административен дел, угостителски објект, детско катче и аквариум.

Со реализација на овој проект ќе се обезбедат и нови работни места за стручни лица, а истовремено и едукативно катче за младата популација.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 25.000.000 денари

**Локација:** ул.Дисанска

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## КРУЖЕН ТЕК НА РАСКРСНИЦА НА УЛ. „ШИШКА“ СО УЛ.„ ВИДЕО СМИЛЕВСКИ БАТО“

Со реализацијата на овој проект ќе се подобри безбедноста на сообраќајот и ќе се добие поголема динамика во протокот на возила и одвивање на сообраќајот.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 12.000.000 денари

**Локација:** ул. „Шишка“ со ул. „Видео Смилевски Бато“

## ПОДЗЕМЕН ПЕШАЧКИ ПРЕМИН ЗА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР

Со реализацијата на овој проект ќе се подобри безбедноста на сообраќајот за жителите од населба Бел Камен кон градскиот базен.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација:** Раскрсница Градски базен

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЗАТВОРАЊЕ НА УЛ. „ИЛИНДЕНСКА“ ОД ПЛОШТАД ДО СТАРА АВТОБУСКА

Простор со пешачка зона за рекреација и поголема безбедност за пешаците како и вистинско уживање во слободното време.

**Рок на реализација:** 2021- 2025

**Вредност:** 5.000.000 денари

**Локација:** Централно градско подрачје

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПРОШИРУВАЊЕ НА УЛ. „ДОМОВИЦА“ И ПРОБИВАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ. „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“

Пробивање на ул.„ Домовица“ и поврзување со ул. „Глигор Прличев“. Овој проект покрај пробивањето опфаќа и изградба на подземна инфраструктура, односно водовод и фекална канализација, како и комплет афалтирање во должина од 300 метри, со што ќе се поврзат овие улици со населба Парк.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 20.000.000 денари

**Локација:** ул.Домовица

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГРАДБА НА НОВИ АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОСТОРИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП КОМУНАЛЕЦ

Поради лошите услови за работа во постоечките бараки кои што се користат како административни простории, ќе се изградат нови административни простории со цел да се подобрат условите за работење, квалитетот на работењето и непречено извршување на тековните активности.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација:** ЈП Комуналец

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ВЛЕЗ ОД ДРЕНОВО ВО КАВАДАРЦИ СО ПРОШИРУВАЊЕ НА 3-ТА ЛЕНТА ОД КАПЕЛА ДО ЈУГОКОМЕРЦ

Овој проект е во склоп со реализираниот проект за пробивање на Западен булевар. Со проширувањето на овој влез во градот со должина од 1.1 км и површина 6.060м2, ќе се овозможи полесен тек и поголема безбедност во сообраќајот.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 15.000.000 денари

**Локација:** Југо-Комерц

**Инвеститор:** Општина Кавадарци во соработка со ЈПДП

## ПРОБИВАЊЕ НА УЛ. „ДОМОВИЦА“ И ПОВРЗУВАЊЕ НА УЛ.„ ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ“

Со реализација на овој проект во должина од 300 метри, ќе се направи поврзување со новата населба Парк.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 13.000.000 денари

**Локација:** ул.„Домовица“

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПРОБИВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ЛАЗО АСИЈАТА“

Со овој проект е предвидено пробивање и асфалтирање во должина од 1500 метри.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 20.000.000 денари

**Локација:** ул.„Лазо Асијата“

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА И ФЕКАЛНА МРЕЖА СО КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ.

По течението на реката Луда Мара во месноста Моклиште има изградено поголем број на објекти кои не се поврзани со фекална и водоводна мрежа. Поради тоа е неопходно да се пристапи кон изградба на водоводна и фекална мрежа со колекторски систем, како и реконструкција на постоечки каптажи кои се во лоша состојба. Со овој проект ќе се реши голем проблем кој вклучува 115 објекти во должина од 4,5 километри. Проектот опфаќа и изведба на повеќе делници со кои ќе се подобри квалитетот на живот.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 60.000.000 денари

**Локација:** месноста Моклиште

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ГРАДОТ

Со овој проект ќе се одвои атмосферската канализација од фекалната канализација на следниве улици: ул.„Цветан Димов“, бул. „Никола Минчев“, бул. „Македонија“, бул. „Моша Пијаде“, ул.„7 Септември, ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин“, ул. „Вишешница“, „Западен Булевар“, ул.„Вардарска“ и дел од улиците во с. Марена.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 2.500.000 евра

**Локација:** Централно градско подрачје

**Инвеститор:** KFW –Банка Министерство за транспорт и врски

## ИЗГРАДБА НА ЗАОБИКОЛНИЦА

Изградба на заобиколница која ќе почнува од местото викано Маренски уши – Дрекслер Мајер – Југо Комерц – Катуниште. Оваа

сообраќајница има за цел целосно да го намали протокот на тешки товарни возила низ градското подрачје.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 50.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Министерство за транспорт и врски

## ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕТНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН

Изградба на комплетна фекална канализација во населба Бел Камен, проектот опфаќа изградба на фекална канализација во должина од 1500 метри, со што ќе се обезбеди дел од основната инфраструктура во овој дел од градот кој што бележи тренд на забрзано населување.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 11.000.000 денари

**Локација:** населба Бел Камен

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Министерство за животна средина

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН

Асфалтирање на улици во населбата Бел Камен во должина од 1000 м и површина од 10 000 m2.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 8.000.000 денари

**Локација:** населба Бел Камен

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ КАВАДАРЦИ – НЕГОТИНО

Со изградбата на третата лента од Општина Кавадарци кон Општина Неготино значително ќе се подобри протокот на возила и ќе се подобри безбедноста на учесниците во сообраќајот. Проектот ќе се реализира во соработка со ЈПДП.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 50.000.000 денари

**Локација:** Кавадарци – Неготино

**Инвеститор:** ЈПДП

## ИЗГРАДБА НА ПАТ С.РИБАРЦИ – С.СОПОТ

Со реализација на овој проект ќе се поврзат двете општини Кавадарци и Росоман, со што ќе добиеме уште една заобиколница, која ќе се користи за товарни возила. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 50.000.000 денари

**Локација:** с.Рибарци- с.Сопот

**Инвеститор:** фондови преку Бирото за регионален развој

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ДРЕКСЛЕР МАЈЕР

Ова е уште еден проект кој ќе го продолжи континуитетот на проширување на влезовите во градот, со што Кавадарци добива еден модерен лик. Проектот ќе се реализира во соработка со ЈПДП

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 60.000.000 денари

**Локација:** Западен булевар

**Инвеститор:** ЈПДП

## ПРОШИРУВАЊЕ НА УЛ.„ДИСАНСКА“ СО ИЗГРАДБА НА ТРЕТА ЛЕНТА ОД СПОРТСКА САЛА ПАРТИЗАН ДО ГРАДСКИ СТАДИОН ТИКВЕШ

Овој проект опфаќа проширување на улицат со трета лента со ширина од 2,5 метри и 325 метри должина.

Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 5.6000.000 денари

**Локација:** Западен Булевар

**Инвеститор:** МТВ преку Светска банка

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ С.ДРЕНОВО ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ ПРИЛЕП – КАВАДАРЦИ

Проектот опфаќа реконструкција на патот во должина од 2800 метри од селото до регионалниот пат Р-1103. Патот ќе биде со ширина од 4,5 метри и банкина од 0,5 метри. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 29.500.000 денари

**Локација:** с.Дреново

**Инвеститор:** Општина Кавадарци Влада на Р.С.М

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ВИКЕНД НАСЕЛБА БРУШАНИ

Целта на проектот е да се изгради водоводна линија од Југокомерц до населба Брушани во должина од 15.585 метри. Ова ќе придонесе решавање на проблемот со водоснабдување и канализација за викенд населбата Брушани. Воедно и за подобрување на туризмот во овој дел од градот и поголема афирмација на Тиквешкото езеро за привлекување на туристи.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 25.800.000 денари

**Локација:** Брушани -Тиквешко Езеро

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ С.МРЕЖИЧКО – С.МАЈДЕН

Реконструкцијата на патот во должина од 10км и со ширина од 5 м ќе ја подобри патната инфраструктура во овој рурален предел и ќе создаде услуви за развој на погранична соработка. Проектот ќе се реализира во соработка со ЈПДП.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 25.000.000 денари

**Локација:** с.Мрежичко – с.Мајден

**Инвеститор:** ЈПДП

## ГРАДСКА ВИНОТЕКА

Место предвидено за малите виниарии да имаат свој изложбен простор и да вршат продажба и промоција на сопствените вина, како и едукација за производство на вино. Проектот ќе се реализира во соработка со Здружение на тиквешки семејни винарии и Здружение на енолози на Македонија.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 500.000 денари

**Локација:** ул.Ресавска

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и Здружение на мали винарии



## РАЗВОЈ НА ВИНСКИ ТУРИЗАМ И СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ

Општина Кавадарци заедно во партнерство со здружението на семејни винарии и здружение на енолози, ќе го имплементира проектот "Градска Винотека". Овој проект пред се е од едукативен карактер и е насочен кон промоција и подршка на винарството и лозарството. Ќе биде опфатено отворање на Градска Винотека која ќе функционира како изложбен простор за изложба и промоција на сопствени вина, како и место за едукација и афирмација за винскиот туризам, како и место за дегустација и организација на вински тури.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 500.000 денари

**Локација:** ул.Ресавска

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Здружение на мали винарии

# 5. УРБАНИЗАМ

Урбанизацијата е основата за севкупниот развој на една локална средина. Креирањето на урбанистичките планови ГУП и ДУП е фундамент за општествено - економски развој.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Проширување на ГУП на северниот дел од градот (после Северен булевар) со намена за индустрија во делот накај излезот кон Општина Росоман и со намена домување покрај реката Луда Мара на излезот кон Општина Неготино. Со урбанизацијата се создаваат услови за привлекување на нови инвеститори како и нови локации за домување на млади брачни парови;

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОТПОЧНАТА УРБАНИЗАЦИЈА ВО ГРАДСКИ СРЕДИНИ

ДУП (детален урбанистички план), Јасмин под стадионот, ДУП Градски Парк, ДУП за ООУ Димката Ангелов Габерот во с.Ваташа за изградба на спортска сала, ДУП хотел Фени;

## УРБАНИЗАЦИЈА ВОН ГРАДСКИ СРЕДИНИ

- УПВНМ (урбанистички план за вон населено место) за спортско рекреативен центар Моклиште;
- УПВНМ (урбанистички план за вон населено место) за нова индустриска зона кај Фени, Беговица;

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Завршување на процесот на легализација на бесправно изградени објекти и зајакнување на контролата од градежната инспекција;

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОТПОЧНАТА УРБАНИЗАЦИЈА НА СЕЛАТА:

- Урбанистички план за село Брушани;
- Урбанистички план за село Рожден;
- Урбанистички план за село Раец;
- Урбанистички план за село Бегниште;
- Урбанистички план село Ресава;

## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

- Основен проект и проект за инфраструктура за водовод во с.Брушани;
- Основен проект и проект за инфраструктура за гасификација
- Основен проект за пешачки мост на Овчка Река;
- Проект за инфраструктура за кружен тек на излезот Кавадарци –Росоман;
- Проект за инфраструктура за пешачка патека кај детско одморалиште Михајлово;
- Проект за инфраструктура за жичара и ски-стаза кај детско одморалиште Михајлово;

## ПЛАНИРАЊЕ НА ТИПСКИ НАСЕЛБИ:

Планирање нови типски населби со над 100 парцели за продажба за индивидуални станбени објекти;

## ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЛА ЛУНА

ДУП (детален урбанистички план) за Ла Луна.



# 6. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЕКОЛОГИЈА

Во изминатите години грижата за животната средина во Општина Кавадарци

е поставена на високо ниво. Хигиената во градот е значително подобрена. Секојдневните акции на службите придонесуваат за тоа и граѓаните да водат повеќе грижа. И во наредниот период ќе се трудиме да ги продолжиме проектите кои покажуваат резултат,но и да имплементираме нови проекти кои ќе го подобрат квалитетот на живот во Општина Кавадарци.

## СОБИРАЊЕ И СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧЕН ОТПАД

Поставување на пунктови за собирање електричен отпад на јавни површини и во сите образовни институци.

**Рок на реализација:** 2022-2021

**Вредност:**300.000 денари

**Локација:** Обележани локации во Градот

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и 0-Отпад

## СОБИРАЊЕ, СЕЛЕКТИРАЊЕ И РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ХАРТИЈА

Општина Кавадарци во соработка со ЈП Комуналец Кавадарци ја проширува дејноста за собирање и селектирање хартија. Ќе бидат поставени типизирани контејнери на повеќе локации низ општината. Ќе се пристапи кон рециклирање на хартијата од страна на овластена компанија во соработка со ЈП Комуналец Кавадарци.

**Рок на реализација:** 2022-2021

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** 15 различни локации

**Инвеститор:** ЈП Комуналец

## СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА ЗА МИЕЊЕ НА КОНТЕЈНЕРИ

Со набавката на овие возила значително ќе се подобри хигиената во градот, и ќе се отстрани непријатната миризба од контејнерите во летниот период.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација:** Оппшина Кавадарци

**Инвеститор:** ЈП. Комуналец

## КОМПОСТИРАЊЕ И ПРЕРАБОТКА НА ОРГАНСКИ ОТПАД

Преработка и повторна употреба на органски отпад во соработка со ЈП Комулалец. Рециклирање, односно претварање на органски отпад во органско ѓубриво за земјоделство.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** ЈП. Комуналец

## КАТАСТЕР ЗА СОЗДАВАЧИ НА ОТПАД

Полесно и попрецизно мапирање на создавачите на отпад со цел изготвување планска документација за заштита на животната средина.

**Рок на реализација:** 2022-2021

**Вредност:** 300.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** ЈП. Комуналец

## ПРОЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА

Доизградба на колектор од с.Сопот до с.Марена и изградба на прочистителна станица во с.Марена. Со реализација на овој проект значително ќе се подобри животната средина во ова населено место и пошироко во општината.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:**

**Локација:** с.Марена

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## МЕРАЧИ НА ПРОТОК ЗА ВОДА

Пронаоѓање на големите загуби на вода, поставување на водомери на сите зелени површини, изнаоѓање на алтернативно решение за наводнување (копање на бунари).

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 3.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

## ДИГИТАЛЕН СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Со овој проект ќе добиеме значителна заштеда на вода, како и поквалитетни зелени површини.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.500.000 денари

## ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕШЕТКИ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ЛУДА МАРА

Поставување на решетки за прифаќање крупен отпад кој се движи по водата во речното корито, што ќе придонесе за заштита на биодиверзитетот.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 200.000 година

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ТАЛОЖНИЦИ НА СЛИВНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕРОЗИЈА

Таложници на сливните подрачја во Општина Кавадарци за заштита од ерозија и сливање на земјата по речното корито како и по улиците во градот.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## НАБАВКА НА ВЕЛОСИПЕДИ

Поставување на три пункта каде граѓаните бесплатно ќе можат да ги користат велосипедите поради намалување на употребата на моторните превозни средства и придонес кон намалување на загаденоста на воздухот.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ТАМПОНИРАЊЕ НА ПЕРИФЕРИЈАТА ВО ГРАДОТ

Со реализацијата на овој проект ќе се тампонираат сите пристапни земјени патишта кои водат до градското подрачје. Со ова значително ќе се подобрат условите на земјоделците кои имаат обработливи површини. Исто така ќе се подобри и хигиената на градските улици.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 12.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци АФПЗРР

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ОЏАЧАРСКА СЛУЖБА

Прочистување на оџаци за заштита од загадување и превенција од предизвикување на пожари во станбени објекти.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 400.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЗЕЛЕН ПОЈАС ПРЕД БУЛЕВАРИТЕ

Засадување на дрвја и друга вегетација за заштита од бучава и прашина предизвикана од сообраќајот на пофреквентните сообраќајници и во други зони кај што има поголема бучава.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 400.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗРАБОТКА НА БОТАНИЧКА ГРАДИНА И ДЕНДРО ПАРК

Засадување на различни алхтони и автохтони растенија и нивен опис, за хортикултурни и естетски цели, образовни и научни истражувачки цели и развој на туризмот.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 120.000 денари

**Локација:** ЗШУЦ Ѓорче Петров, Парк на револуција

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПАРК

Осветлување, изградба на патека, пошумување и поставување на урбана опрема.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Локација:** Градски Парк

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЗЕЛЕНИ КРОВОВИ И ВЕРТИКАЛНИ ГРАДИНИ

Проширување на зелената архитектура на повеќе локации во градот.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЗЕЛЕНИ ОСТРОВИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Хортикултурно уредување на жардинериите на булеварите и други површини.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОШУМУВАЊЕ НА 1 МИЛИОН САДНИЦИ

Пошумување на повеќе локации низ Општина Кавадарци.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 3.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЧВАТА

Доопремување на веќе постоечката лабарторија во С.О.ЗШУ „Ѓорче Петров“ за извршувањепедолошки испитувањ, со цел подобра заштита на почвите.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 300.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци во соработка со С.О.ЗШУ Ѓорче Петров

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ЕКОЛОШКИ ДАТУМИ

Општина Кавадарци во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање ќе организираат разни манифестации, работилници, предавања за одбележување на значајни еколошки датуми, со што ќе се придонесат кон подигање на свеста за зачувување и заштита на животната средина .

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци во соработка со Министерство за животна средина и НВО

## ПОДРЖУВАЊЕ НА КОРИСНИ ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТИ И ЗДРУЖЕНИЈА

Подигање на еколошката свест кај најмладата популација, како што е ЕКО Квизот (во соработка со Еуро Никел и еколошкото друштво Тисовец). Подржување на еколошки невладини организации кои би промовирале трибини и едукација за подобрување на екологијата и животната средина.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 300.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЕДУКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ И ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

Едукација на земјоделците за користење на органски средства за прскање во земјоделството, укажување за штетното дејство на препаратите кои ги користат и за придобивките од дробењето на прачките од виновата лоза, наместо нивно палење и загадување на воздухот.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 220.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТУДИЈА ЗА ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ

Ангажирање на надлежни стручни лица или компанија која би ги утврдила точно причинителите на загадување на воздухот во Кавадарци и изготвување на долгорочен план за подобрување на амбиенталниот воздух.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 1.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГОТВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СЕКУНДАРНА МРЕЖА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ГАСОВОДОТ И ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПРИМАРНАТА ГАСОВОДНА МРЕЖА. ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ГАСИФИКАЦИЈА, ДОСТАВА И ПРОДАЖБА НА ГАС ДО ДОМАЌИНСТВАТА И ПРАВНИТЕ СУБЈЕКТИ.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:**12.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ЗАМЕНА НА ГРЕЈНИТЕ ТЕЛА ОД ДРВА НА ДРУГИ АЛТЕРНАТИВНИ ГРЕЈНИ ТЕЛА (ПЕЛЕТИ, НАФТА И ВО БЛИСКА ИДНИНА ГАС).

Субвенционирање за замена на грејните тела на казаните за печење на ракија од дрва на плин. Исто така субвенционирање на граѓани кои ќе користат алтернативни видови на енергија како што се сончеви колектори, електрични панели и др.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 5.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## РЕГИОНАЛЕН ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ВАРДАРСКИ РЕГИОН – РЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА

Продолжување со активно учество во проектот за Регионален план за управување со отпад, кој е во тек.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 60.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Подигање и уредување на нови зелени површини, нови дрвореди од иглолисни растенија покрај заобиколниот дел од градот и обнова на старите дрвореди.

Подигање на нови зелени паркчиња на повеќе места во градот.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 10.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОШУМУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА СЛИВОВИТЕ НА ДОЛОВИТЕ КОИ НОСАТ ГОЛЕМ ДЕЛ НА ШУТ И ЗЕМЈА ПО УЛИЦИТЕ ВО ГРАДОТ

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГРАДБА НА СТАЦИОНАР

Со овој проект ќе се постигне намалување на бројот на кучиња бездомници, а со тоа ќе се зголеми и безбедноста на граѓаните,и ќе се овозможи заштита и згрижување на кучињата. Воедно, ќе се подигне и свеста за одговорно сопственишство, поттикнување на граѓаните да ги регистрираат, вакцинираат и стерилизираат своите миленици. Сите овие активности ќе бидат опфатени преку изградбата на стационар, кој ќе биде целосно опремен вклучувајќи и шинтерска служба која ќе бидел дел од овој стационар.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 300.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци Вардарски Плански Регион

## ОБНОВА НА ВОЗНИОТ ПАРК НА ЈП КОМУНАЛЕЦ

Во насока на зголемување на нивото на хигиена во градот, ќе се набави нова цистерна за перење на улици, набавка на два нови камиони за износ на смет со што ќе се придвижиме кон подобрување на хигиената во градот, како и отпочнување со износ на смет и во селските средини.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 14.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОСТАВУВАЊЕ НА МАШИНИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА И СОБИРАЊЕ НА ОТПАД

Поставување на машини за собирање на отпад, односно празни пластични шишиња, стаклена амбалажа, лименки. Воспоставување на централизиран систем со корисничка сметка-лице и евиденција на вратената амбалажа. Собраните поени или износи, подоцна да се искористат за купување на билет за паркинг, намалување на сметки за комунални услуги и други сервиси кои се во надлежност на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## НАБАВКА НА 10 ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА ВО ФУНКЦИЈА НА ОПШТИНАТА

Со користењето на електричните возила значително ќе се намалат трошоците за гориво и ќе се придонесе кон намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух. Проектот ќе се реализира во соработка со ЕУ.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 12.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## СИСТЕМ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД СО ВКЛУЧЕНИ ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Овој проект влучува промена на обичниите контејнери со подземни нови контејнери. Со овој проект ќе се намали непријатната миризба. Контејнерите ќе бидат со вградени сензори за детектирање на оган , исполнетост на контејнери и GPS координати каде се наоѓаат, како и со посебен софистициран начин со специјално возило за празнење на контејнерите. Ќе функционираат со посебен специјализиран систем за мониторинг и креирање на рутен план за движење на возилата за изнесување на смет.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 60.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци



# 7. ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

## Е-ОПШТИНА

Комплетно on-line креирање и плаќање на сите услуги кои ги нуди општината односно Барања за јавно прометни површини, извод од ДУП, елаборат за животна средина, барање за поставување на урбана опрема, барање за сечење кастрење на дрва, комплетна евиденција, увид и on line наплата за решенија за данок на имот и комунална такса.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 600.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАМЕТНИ ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ

Поставување на паметни информативни табли на повеќе локации во градот (плоштад, нов центар, парк,). На овие табли би се презентирале сите новости и случувања во градот како и информации за сервиси кој ги нуди општината и истите би нуделе бесплатен интернет.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПТИЧКА МРЕЖА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Предвидено е да се постави и инсталира оптичка мрежа во централното градско подрачје, за потребите на општинските системи, како контрола на семафори, поврзување на safe city сите локации на камери со користење на сопствената оптичка мрежа, мониторинг за улично осветлување, билинг систем за гасификација, користење на широкопојасен интернет, како и други процеси за потребата на општината. Проектот ќе се реалзира во соработка со МВР и други институции.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 3.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ

Унапредување на системот за зонско паркирање и трансформација во затворени паркинзи, автоматизиран систем за казнување паркирани возила и возила паркирани на зелена површина, мобилна апликација за автоматизирана наплата за зонско паркирање и избегнување за дополнителна наплата за смс пораки. Предвидено е да се направи трансформација на одредени подзони во затворени паркинзи со броење на слободни паркинг места и рампи за влез и излез за подобра прегледност и инфирмираност на лицата вклучени во сообраќајот на три локации: катна гаража, центар наспроти општината и депо.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци



# 8. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ГАСИФИКАЦИЈА

Изготвување на документација за секундарна мрежа за воведување на гасоводот и приклучување на примарната гасоводна мрежа. Основање на јавно претпријатие за гасификација, отпочнување со работа, достава и продажба на гас до домаќинствата и правни субјекти.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 12.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПРОЕКТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО

Поставување на плутачка марина, која ќе им овозможи на сите иматели на пловечки објекти, поголема сигурност за нивните пловечки објекти. Набавка на туристички брод во функција на унапредување на туристичката понуда на Тиквешко езеро.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** ИПА програма прекугранична соработка

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЦИ НА СИТЕ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ОПШТИНАТА

Поставувањето на фото-волтаичните системи значително ќе ги намали трошоците за електрична енергија на институциите под надлежност на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 15.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Делегација на Европска унија

## ПРОЕКТ ЗА АГРО-МЕТРОЛОШКИ МЕРНИ СТАНИЦИ

Ќе се поставаат 18 мерни станици на територијата на Општина Кавадарци кои ќе придонесат за намалување на загадувањето на воздухот и почвата и ќе ги намалат трошоците на земјоделците. Истовремено ќе им овозможат на земјоделците да произведуваат поздрави производи.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација**: Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци Швајцарска амбасада

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ КАВАДАРЦИ-ДИСАН – ДЕМИР КАПИЈА

Проектот опфаќа изградба на локален пат над с. Дисан со кое ќе се овозможи полесна, поекономична и поефикасна комуникација на сите чинители, а посебно на земјоделците.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација:** Кавадарци- Дисан

**Инвеститор:** Општина Кавадарци Швајцарска амбасада

## ПРОЕКТ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ

Со проектот се предвидува изградба на атмосферска канализација во должина од 1271 метри. Проектот значително ќе придонесе кон подобрување на инфраструктурата и на животната средина во ова село.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 15.200.000 денари

**Локација:** село Возарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци АФПЗРР мерка 323

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ С.РЕСАВА ДО БРАНА ТИКВЕШ

Со проектот ќе се изгради нова патна мрежа во должина од 5 километри. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 15.000.000 денари

**Локација:** Тиквешко езеро

**Инвеститор:** Општина Кавадарци АФПЗРР мерка 323

## ИЗГРАДБА НА КОЛЕКТОР ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ

Проектот опфаќа изградба на колекторски систем во должина од 793 метри. Со тоа значително ќе се подобри животната средина во ова село. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** село Возарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Биро за регионален развој, од програмата за развој на села.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.БОХУЛА

Со реализацијата на овој проект ќе се изврши асфалтирање на главната улица во с. Бохула во должина од 950 метри. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 3.000.000 денари

**Локација:** село Бохула

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Биро за регионален развој, од програмата за развој на специјално подрачје.

## РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКА ЛУДА МАРА ОД УЛ. „ВИДОЕ СМИЛЕСКИ“ ДО НОВА БОЛНИЦА

Со проектот ќе се уреди регулацијата, ќе се изгради кејот на реката и ќе стане интегрален дел на веќе изградениот кеј на реката Луда Мара.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 34.600.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Вардарски плански регион

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН

Со овој проект ќе се изгради фекална канализација во должина од 259 метри.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.343.000 денари

**Локација:** населба Бел Камен

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Министерство за животна средина

## ПРОЕКТ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА

Со овој проект ќе се подобри водотекот на реката Луда Мара како и ќе се намали ризикот од поплави.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 1.995.000 денари

**Локација:** река Луда Мара

**Инвеститор:** Општина Кавадарци Фонд за води

## ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЦИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Со овој проект е предвидено преку јавно-приватно партнерство, Општина Квадарци да склучи договор со приватен инвеститор за производство на електрична енергија со систем со фотоволтаици.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 22.000.000 денари

**Локација:** Градски плоштад

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ОТВОРАЊЕ НА НОВ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН МАЈДЕН-ПУЉЕВАЦ СО Р. ГРЦИЈА

Со овој проект Општина Кавадарци би имала бенефит од зголемена соработка на стопански и економски план и заживување на селата во овој крај на Кожуф планина. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 5.500.000 денари

**Локација:** Мајден

**Инвеститор:** Општина Кавадарци Надлежни министерства

## ДЕСТИЛАНА

Дестилана во функција на надминување на проблемите со откуп на винско грозје во соработка со поголемите винарии во државата.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 5.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и ЈПП

## ИЗГРАДБА НА ТРГОВСКИ ЦЕНТАР

Изградба на модерен трговски центар кој би нудел содржини за деца и млади, мини забавен парк, дел за шопинг и привлекување на познати светски брендови, маркети за прехрамбени производи и угостителство.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 110.000.000 денари

**Локација:** Северен Булевар

**Инвеститор:** ЈПП

## ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Со целосна реализација на овој проект ќе ги подобриме условите за живот на повеќе од 40 фамилии во Вардарскиот регион со тоа што ќе бидат згрижени и интегрирани нивните деца. Услугата за дневен престој, односно дневно згрижување во овој центар ќе ја користат лицата со попреченост кои имаат наполнето 18 години, а ќе се вршат индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, како и помош и поддршка на нивните семејства. Ќе преставува регионален дневен центар за лица со попреченост, кој ќе биде лоциран во Општина Кавадарци.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 30.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Домот за стари лица има за цел згрижување, сместување, нега, како и медицински третман на згрижените лица од Тиквешкиот Регион.

Истиот ќе биде изграден на површина од 5000 м2, и ќе се состои од приземје, 3 ката и поткровје. Ќе биде современо опремен со соби за сместување, дневен центар, ресторански простории. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт и приватни инвеститори.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 30.000.000 денари

**Локација:** позади споменикот Киро Крстев

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПРОЕКТ ЗА ДЕЦА СО АУТИЗАМ И ДАУНОВ СИНДРОМ

Проектот ќе обезбеди помош и поддршка на лицата со Даунов синдром, лесен аутизам и попреченост, со цел остварување на стручни, технички, хуманитарни, образовни, спортски и други права и интереси на деца и младинци со Даунов синдром, лесен аутизам и попреченост. Ќе опфати и реконструкција на игралиште со поставување на вештачка трева, осветлување со рефлектори, набавка на сите потребни спортски реквизити за тренинг. Ангажирање на стручно лице за физичко и здравствено образование на лицата со посебни потреби. Проектот ќе се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## МОЈ ОПШТИНАР

Проектот „Мој општинар“ е пилот проект кој за прв пат беше промовиран во нашата држава. Од проект истиот прерасна во Сектор на Општина Кавадарци кој е носител на клучни проекти за Кавадарци да стане едно убаво и безбедно место за живеење.„ Мој општинар“ стана алатка на Локалната самоуправа преку која жителите на Општина Кавадарци имаат можност преку непосредна комуникација да бидат слушнати за своите проблеми и истите да бидат решени во најкраток можен период. „Мој општинар“ даде значителен придонес како за хигиената во градот така и за

хортикултурно уредување на многу локации каде што граѓаните го поминуваат своето слободно време. Целта на „Мој општинар“ за наредниот период е продолжување на успешната работа, доквалификација и едукација на тимот, со поголеми овластувања во рамките на нивната работа и уште многу успешно завршени проекти.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОМОШ И НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА

Проектот опфаќа помош и нега во Домот за стари лица. Ќе се обезбеди помош во вршење на основни активности (лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, менување пелени, користење тоалет) и оперативни активности (чистење, перење, готвење, купување продукти, земање медицинска терапија), до 80 часа месечно.

Услугата опфаќа до 100 стари лица. Проектот ќе го релизира Општина Кавадарци во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:**

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и Министерство за труд и социјална политика



# 9. ОБРАЗОВАНИЕ

## БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ДО 5-ТО ОДДЕЛЕНИЕ

Обезбедување на бесплатен оброк за сите ученици од 1-во до 5-то одделение.

Со тоа, околу 1.800 ученици ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 50.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОСМЕНСКА НАСТАВА ВО СИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА И НАБАВКА НА УЧИЛИШНИ АВТОБУСИ

Набавка на 9 училишни автобуси за превоз на ученици од основните и средните училишта. Со ова ќе се обезбеди бесплатен превоз на ученици на кои им следува бесплатен превоз, односно на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2 км. Автобусите ќе бидат унифицирани и брендирани.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 30.000.000 денари

**Инвеститор:**Општина Кавадарци и МОН

## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

- Замена на влезни порти со нови;
- Изградба на пешачка патека околу дворот на училиштето;
- Реконструкција на тоалети во продолжениот престој;
- Адаптација на постоечките училници и доизградба на нова училница.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 1.400.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина, Кавадарци МОН

## ООУ „ ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ – СЕЛО ВАТАША

Реконструкција на санитарните јазли и целосна реконструкција на магацинските простории во училиштето.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 440.000 денари

**Локација:** село Ваташа

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, МОН

## ООУ „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО“

- Адаптација на старата забна амбуланта во две нови училници со санитарни јазли и набавка на училиштен инвентар;
- Замена на старите прозорци со нови и поставување на ново економично осветлување;
- Реконструкција на санитарни јазли.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 1.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина, Кавадарци МОН

## СОУ „ДОБРИ ДАСКАЛОВ“

- Целосна реконструкција на сите стари и дотраени училници и кабинети и поставување на столарија;
- Доопремување со нов мебел;
- Изградба на нова внатрешна ограда;
- Поставување на надворешна ограда;
- Асфалтирање и поставување на трим подлога на надворешните спортски терени;
- Изградба на нова спотрска сала со стандарди кои ги исполнуваат условите за официјални натпревари во колективни спортови.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:**35.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## СОУ „КИРО СПАНЏОВ БРКО“

Промена на подови и реконструкција на ходници и холови. Реконструкција на постоечките тоалети и изградба на нови тоалети. Замена на постоечкото осветлување со ново економски ефикасно осветлување.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци МОН

## ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“- КАВАДАРЦИ

- Реконструкција на училишниот двор;
- Реконструкција на фасадите на трите згради;
- Промена на внатрешни врати;
- Набавување на инвентар;
- Набавка на лифт во објектот за ученици со посебни потреби.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 15.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци МОН

## ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА“

Реконструкција на кујната со што ќе се подобрат условите за подготовка на храна и ќе се задоволат капацитетите на ново изградената градинка на ул.„Ресавска“.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.200.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ – С. ВОЗАРЦИ

- Реконструкција на училиште со кров и фасада;
- Набавка на нов инвентар за училници и канцеларии;
- Изградба на пристапна рампа за лица со попреченост.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 1.500.000 денари

**Инвеститор:** Општина, Кавадарци МОН

## ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ – С. ДРЕНОВО

- Реконструкција на дворот на училиштето и интернатот;

- Реконструкција на фасадата на училиштето и интернатот;
- Изградба на пристапна рампа;
- Набавка на инвентар за училниците и канцелариите.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 16.500.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, МОН

## ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ – С. ДРЕНОВО

- Реконструкција на дворот на училиштето и интернатот;
- Реконструкција на фасадата на училиштето и интернатот;
- Изградба на пристапна рампа;
- Набавка на инвентар за училниците и канцелариите.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 16.500.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, МОН

## ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ – КАВАДАРЦИ

- Замена на старо со ново осветлување;
- Целосна реконструкција на греењето (нови радијатори);
- Реконструкција на ѕидови и под;
- Нови внатрешни врати;
- Реконструкција на санитарните јазли.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 3.500.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ – С.СОПОТ

- Целосна реконструкција на зградата;
- Реконструкција на ходници;
- Реконструкција на тоалети;
- Осветлување на дворот.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, МОН

## СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“

- Промена на дел од вратите и прозорците и поставување на ограден ѕид

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, МОН



# 10. СПОРТ И МЛАДИ

## ДООПРЕМУВАЊЕ НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР ЈАСМИН

СЦ Јасмин е еден од најголемите спортски центри во нашата држава. Место во кое се случуваат најголемите спортски настани. Во изминатите години беа реализирани неколку проекти во склоп на овој центар. Во наредните години, со реализација на планираните проекти, спортскиот центар дополнително ќе се модернизира и ќе може да понуди уште повеќе можности за спорт и рекреација.

- Поставување на трим подлога со атлетска патека;
- Реконструкција на фудбалскиот терен –обнова на тревната повшина и поставување на систем за наводнување;
- изградба на трибина;
- соблекувална со туш за рекреативни и врвни спортисти;
- обнова на постоечките баскет игралишта и изградба на нови;
- изградба на куглана;
- изградба на сместувачки капацитети.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 12.000.000 денари

**Локација:** С.Ц. Јасмин

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Агенција за спорт и млади.

## ИЗГРАДБА НА НОВА СПОРТСКА САЛА СО ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ И ДИМЕНЗИИ ЗА СИТЕ КОЛЕКТИВНИ СПОРТОВИ

Со изградбата на нова сала во овој дел од градот, кој се урбанизира и модернизира со забрзано темпо, ќе се зголемат можностите за развој на овој дел од градот, вклучително и населбата Глишиќ, с.Марена и с.Сопот. Во склоп на овој нов спортски центар ќе се изгради мини сала за развој на боречки вештини и фитнес клуб.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 30.000.000 денари

**Локација:** Опитно Поле

**Инвеститор:** Општина Кавадарци, Агенција за спорт и млади

## ЦЕЛОСНА РЕКОНСТУКЦИЈА НА ГРАДСКИ БАЗЕН

Градскиот базен во Кавадарци кој е со олимписки стандарди и еден од најголемите во нашата земја е одлично место за рекреација и спорт во летниот период. Реализацијата на планираните проекти дополнително ќе ги збогати содржините и ќе го модернизира градскиот базен. Овие проекти ќе овозможат и забава за најмладите и дополнителни содржини кои ќе го збогатат просторот.

Најважно од се е што во соработка со основните и средните училишта, учениците ќе можат бесплатно да ги користат содржините на Градскиот базен.

- Обнова на подлога;
- Лежалки;
- Детско катче;
- Младинско катче;
- Поставување на неколку тобогани и мини аква парк;
- Отворање на пливачка школа за деца.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација:** Градски базен

**Инвеститор:**Општина Кавадарци и Агенција за спорт и млади

## ИЗГРАДБА НА НОВИ СПОРТСКИ САЛИ

Со години наназад недостигот од спортски сали значително влијаел врз учениците. За кратко време и двете училишта ќе добијат современи спортски сали за потребите на учениците.

- ООУ „Страшо Пинџур“ (27 милиони денари инвестиција од Агенција за млади и спорт);
- ООУ „ДАГ-Ваташа“ (15 милиони денари од дотации од општинскиот буџет).

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 42.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и Министерство за образование и наука

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ САЛИ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Изградбата на повеќенаменски спортски сали во овие четири рурални средини, значително ќе го подобри квалитетот на животот не само на учениците туку и на сите останати жители. Овие сали освен за потребите на училиштето би имале и други намени, како собири на мештаните и други манифестации.

- Дреново;
- Сопот;
- Марена;
- Возарци.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 40.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и Агенција за спорт и млади

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ САЛИ

Спортските сали во овие училишта се во функција на учениците, но со текот на времето потребна е и нивна реконструкција. Со реализацијата на овие проекти ќе се подобрат условите и квалитетот на овие сали, а со тоа и можностите и условите за учениците.

- ОУ „ГоцеДелчев“;
- ОУ „Тошо Велков-Пепето“;
- СОУ „Киро Спанџов-Брко“.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и Министерство за образование и наука

## ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Во изминатите години капацитетот за згрижување во детските градинки значително се зголеми. Беа изградени нови занимални и беа направени неколку адаптации. Во овие две рурални средини има голема потреба од простор за згрижување на децата до предшколска возраст.

- Село Дреново;
- Населба Глишиќ.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ➤ ИЗГРАДБА НА ТРИМ ПАТЕКА СО ФИТНЕС СПРАВИ

Изградба на спортска зона во близина на мини зоолошка градина. Просторот за спорт и рекреација ќе биде збогатен и со фитнес справи.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 10.000.000 денари

**Локација:** наспроти Градски парк во склоп на мини зоолошката градина

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ➤ НАБАВКА НА ГИМНАСТИЧКИ СПРАВИ ЗА РАЗВОЈ НА ГИМНАСТИКАТА

Гимнастиката со текот на времето станува се попопуларен спорт во Кавадарци.

За да се овозможат подобри услови за младите, потребна е набавка на нови спортски реквизити.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 10.000.000 денари

**Локација:** во склоп на спортска сала Партизан

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ➤ ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ОД ГЛИШИЌ ДО С.МАРЕНА

За да се обезбеди побезбеден сообраќај како за учесниците во сообраќајот така и за пешаците се предвидува изградба на велосипедско-пешачка патека од населба Глишиќ до с.Марена. Патеката е во должина од 1800 метри и со безбедна зона за пешаците и велосипедистите.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 5.000.000 денари

**Локација:** од населба Глишиќ до с. Марена

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА

Повеќе-наменските игралишта се богати со различни содржини за рекреација како за најмладите така и за повозрасните. Со овој проект жителите ќе добијат вистински простор за рекреација на повеќе локации во градското подрачје.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 10.000.000 денари

**Локација:** Нов центат/ ул.Дисанска / ул.Ресавска

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН БАЗЕН

Затворениот базен ќе се гради на локација на поранешна Ла Луна и ќе биде придружуван со Спа содржини, сквош терен, теретана, детско катче и кантина.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 60.000.000 денари

**Локација:** Објект Ла-Луна

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и Агенција за млади и спорт

## ИЗГРАДБА НА МИНИ СКИЈАЧКИ ЦЕНТАР СО СКИ ЛИФТОВИ

Изградба на ски патека со попратни објекти, јужно од детското одмаралиште Михајлово, со цел да се унапреди зимскиот спорт и да се привлечат повеќе домашни и странски туристи. Проектот ќе се реализира во соработка со централната власт, ЕУ и ИПА фондови и приватни инвеститори.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 35.000.000 денари

**Локација:** Михајлово

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и ИПА Програма за прекугранична соработка

## ИЗГРАДБА НА ПАМ-ПАРК ПАТЕКА

Формирање на спортско катче каде младите ќе можат да спортуваат преку адреналинско возење на велосипед, тротинет и ролер, и спортско катче за велосипеди.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** Нов Центар

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗГРАБА НА АДРЕНАЛИНСКИ ПАРК

Формирање на спортско катче каде младите ќе можат да спортуваат преку адреналинска стаза збогатена со повеќе содржини. Со овој проект ќе се создадат повеќе услови за адреналинските спортови.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 20.000.000 денари

**Локација:** 12 Ваташки деца

**Инвеститор:** Општина Кавадарци и Центар за развој на ВПР

## ИЗГРАДБА НА КАРТИНГ ЦЕНТАР

Збогатување на спортскиот живот во Општина Кавадарци со обезбедување на забава и рекреација како за младите така и за повозрасните и привлекување на туристи. Проектот ќе се реализира во соработка со приватни инвеститори.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Локација:** позади СОУ„ Киро Спаџо Брко“

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## УРЕДУВАЊЕ И ПОРИБУВАЊЕ НА МОКЛИШКО ЕЗЕРО И ЕЗЕРО ДОНЕ ПОПОВ

Целта на овој проект е да се развие туризмот на овие две локации. Овие две езера се наоѓаат во прекрасната природа на месноста Моклиште и Витачево.

Со порибувањето како и уредувањето на просторот ќе се зголеми посетеноста и можностите за рекреација во нашиот град.

- Поставување на урбана опрема и пешачка патека;
- Организирање на спортски риболов.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 5.000.000 денари

**Локација:** Моклиште и Витачево

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЛАНИНАРСКА ПАТЕКА СО ИЗГРАДБА НА ЛЕТНИКОВЦИ

Планинарската рекреативна патека „Љубаш“ во должина од 2 километри ќе се реализира заеднички со Сојузот на училиштен спорт. Овој проект ќе се реализира во насока на развивање на планинарските спортови, како и заживување на оваа локација.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 400.000 денари

**Локација:** Љубаш

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ

Со зголемување на поддршката на спортските клубови би дошло до унапредување на програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади и унапредување на сите индивидуални и колективни спортски клубови.

**Рок на реализација:** 2022-2024

**Вредност:** 40.000.000 денари

**Локација:** Љубаш

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Ќе се обезбеди поддршка на сите турнири, проекти како и сите останати организации и манифестации на спортските клубови.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ, ЕЛЕКТРИЧНИ ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

Со субвенционирањето на велосипеди, електрични велосипеди и електрични тротинети ќе се подобри свеста за возење на велосипед, поголема спортска активност, здрав живот и помала загаденост на воздухот.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци



# 11. КУЛТУРА

## ЧИТАЛНА

Обезбедување простор за ученици и студенти кои целат кон заедничка соработка при извршување на своите училишни и вонучилишни активности.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЛЕТЕН ТЕАТАР

Простор каде што децата ќе имаат свои креативни работилници во кои ќе изработуваат кукли за театар, ќе можат да учествуваат во театарските претстави интерактивно со аматерските глумци од кавадаречкиот театар, како и да следат театар и куклен театар на отворено. Преку овие работилници младите ќе ја развиваат својата креативност, имагинација и талент.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 500.000 денари

**Локација:** Парк на револуцијата

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ИЗБОР НА НАЈДОБРО УРЕДЕН ДВОР

Овој проект ќе се спроведува два пати во годината, еднаш во летниот период (хортикултурно уредување) и во периодот на новогодишните празници (најдобро новогодишно украсен двор).

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 800.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## АДАПАТАЦИЈА НА ПРОСТОР ЗА МУЗИЧКА СОБА

Простор обезбеден со сите потребни инструменти и услови за проби на уметниците. Просторот би го користеле сите музички уметници и музички таленти од нашата општина.

**Рок на реализација:** 2023-2025

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Локација:** Дом на култура

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## НАБАВКА НА МОНТАЖНА БИНА

Со набавката на монтажнат бина, општината значително би ги намалила трошоците за организација на културните, спортските и другите јавни настани планирани со општинските програми.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:** 1.600.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА УМЕТНИЦИ ОД НАШИОТ ГРАД, ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА СЛИКАРСТВОТО, КНИЖЕВНОСТА И ФИЛМОТ

Целта на овој проект е да се даде поддршка на уметниците од нашата општина. Субвенциите ќе се доделуваат на годишно ниво, согласно понудени проекти кои ќе бидат оценети од стручна комисија.

**Рок на реализација:** 2022-2025

**Вредност:**4.000.000 денари

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## 3Д КИНО

3Д киното ќе биде сместено во специјализирана кино сала сместена во Домот на културата во самиот центар на градот. Проектот опфаќа комплетно опремување на кино сала со опрема односно реконструкција на кино салата, седиштата, платно ,набавка на кино проектор , аудио сараунд систем (озвучување).

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 5.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## КИНО НА ОТВОРЕНО

Кино на отворено со автомобили во пролет, лето и есен два пати во неделата. Проектот опфаќа монтажна конструкција, платно, кино проектор и озвучување.

**Рок на реализација:** 2021-2025

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Локација:** Општина Кавадарци

**Инвеститор:** Општина Кавадарци



# 12. ТУРИЗАМ

Туризмот е моќен стопански сегмент, значаен за економскиот развој. Општина Кавадарци со својата туристичка понуда мора да биде препознатлива и привлечна за домашните и странските туристи. Уникатната туристичка понуда ќе ја направи општината поконкурентна во однос на понудата на другите општини.

Предвидените проекти се наменети за подобрување на понудата на активности за туристите кои се во посета на Општина Кавадарци, како и ангажирање и поголем избор за рекреација на граѓаните.

## МИНИ-ГОЛФ ТЕРЕНИ

Изградба на терени за мини-голф со околу 9-10 стази.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 700.000 денари

**Локација:** Парк на револуцијата

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ЗИПЛАЈН

Проектот претствува атракција која ќе ги привлече луѓето што сакаат адреналин и воедно сакаат да уживаат во убавините на Тиквешкото езеро. Зиплајн опремата ќе биде поставена на најтесната копнена точка на Тиквешкото езеро.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Локација:** Тиквешко Езеро

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## БОЖИЌЕН БАЗАР

Проектот се состои од организирање на божиќен базар во рок од две недели. Овој проект е со цел да се направи убава предновогодишна атмосфера и да се доживее божиќната приказна во свечен амбиент.

Проектот опфаќа набавка на унифицирани куќарки за изнајмување божиќна и новогодишна музика каде што ќе се продаваат новогодишни украси и честитки и новогодишни содржини за деца.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 1.500.000 денари

**Локација:** Градски плоштад

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ТУРИСТИЧИ ВОЗ

Туристичкиот воз ќе биде во функција на најмладите и воедно претставување на културно – историските и другите знаменитости на Општина Кавадарци.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 4.000.000 денари

**Локација:** Градски плоштад

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

## ТРАДИЦИОНАЛНА ТУРА (ХРАНА И ВИНО)

Проектот ќе има за цел да ја претстави локланата гастрономија како алатка за развој на туризмот во Општина Кавадарци. Ќе се реализира во соработка со Винскиот музеј како и со здруженија од Општина Кавадарци.

**Рок на реализација:** 2022-2023

**Вредност:** 4.000.000 денари

**Локација:** Градски плоштад

**Инвеститор:** Општина Кавадарци

# 13. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Согласно надлежностите кои ги има општината, заради обезбедување на сигурност и заштита на граѓаните од општина Кавадарци, ќе ги преземеме следните активности:

- **Усвојување на нов, ревидиран план за заштита и спасување;**

  Усвојување на ревидиран план за заштита и спасување со кој ќе се предвиди унапредување на соработката со Територијалната противпожарна единица и со Центарот за управување со кризи и НВО;

- **Доопремување на општинско противпожарно друштво "Сашко Гешовски"**

  Општината ќе безбеди финансиска поддршка за доопремување на локалното противпожарно друштво како потреба од општ карактер за сите населени места;

- **Противпожарна едукација на граѓаните;**

  Едукација на граѓаните од општина Кавадарци за преземање мерки за спречување појави на пожар и навремено информирање;

- **Одржување на противпожарните хидранти;**

  Одржување на постоечките противпожарни хидранти и поставување на нови во населените места каде сè уште не се инсталирани;

- **Заштита на животните и растенијата –**

  ќе има строга контрола во чувањето на шумското богатство и санкции за оние кои недозволено ги палат и сечат шумите

- **Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди**

# 14. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Активностите и проектите од областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Размена на културни искуства, традиции и фолклор како патоказ на зближување и соработка меѓу пограничните општини;
- Ќе продолжиме со збогатување и продлабочување на контактите со нашите збратимени општини. Во наредниот период ќе работиме на воспоставување на нови контакти и завршување на веќе воспоставените со цел збратимување со нови општини;
- Општина Кавадарци активно ќе учествува со апликации во проекти од ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија – Грција, како и соработка со програми од ЕУ, како што се “Европа за граѓаните“, “ЕРАЗМУС“, како и програмите кои што ќе бидат достапни по очекуваните кохезиони фондови. Исто така ќе се развие соработка со други меѓународни институции кои делуваат на територијата на Општина Кавадарци УСАИД, УНДП, Центар за меѓународна соработка на Република Словенија;
- Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk